Младински Клуб - Штип

# ПРОГРАМА
# ЗА РАБОТА
# за 2023 година

Јануари, 2023

# Програма за работа на
# Младински Клуб - Штип
# за 2023 година

***Визија :***

Младински Клуб – Штип ги поддржува децата и младите
во остварување на нивниот потенцијал и идеи.
Младите во Штип и регионот се мотивирани, креативни, успешни и одговорни граѓани кои допринесуваат кон позитивни промени во своите заедници.

***Мисија :***

Младински Клуб – Штип работи на развојот на заедниците
преку едукација, информирање и ангажирање на децата и младите, и, се застапува за нивно зголемено учество, интереси и потреби.

***Области на делување :***

- ⇨ **Младинска работа**
- ⇨ **Развој на волонтерство и младински активизам**
- ⇨ **Здравствени и социјални прашања**

Младински Клуб – Штип во текот на оваа година ќе се фокусира на наведените три приоритети од стратешките области на организацијата и своите акции ќе ги организира и спроведува водејќи се од принципите на соработка, почитување на различностите и поддршка на идеите на младите.

***Стратешка област 1***

## МЛАДИНСКА РАБОТА

Младинската работа е актуелна, но не и призната и препозната во Македонија, иако има одредени поместувања кон кои преку заедничко делување со другите организации низ мрежи, и нашата организација допринела. Постои потреба да се развиваат и спроведуваат разични видови на сервиси и програми за младите со цел да се допринесе и да се поддржи нивниот развој, а особено значајно е и обезбедување на квалитет во испораката на младинската работа. Поради тоа, приоритети на кои ќе работиме во следниот период се следните:

*Приоритет 1.1.*: Поддршка и вклучување во процеси за признавање и препознавање на младинската работа на локално и национално ниво.

*Цел 1.1.1.* Вклучување во тековни процеси за признавање и препознавање на младинската работа, давање и спроведување на иницијативи.

*Приоритет 1.2.*: Поддршка на личниот и професионалниот развој на младите.

*Цел 1.2.1.* Истражување по прашања од интерес на младите и младинско информирање;

*Цел 1.2.2.* Организирање на едукативни настани на теми од интерес на младите.

***Стратешка област 2***

## РАЗВОЈ НА ВОЛОНТЕРСТВОТО И МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ

Ангажманот на младите во заедницата мора да се интензивира со цел заедницата и општеството да се развиваат. Воедно, самиот ангажман на младите има позитивни ефекти по нивниот личен развој. Заради тоа, клучно е да се работи на промоција на волонтерството и охрабрување на децата и младите да го прифатат како начин на живеење и делување во заедницата. Исто така, активното учество, најзначајно – во процесите на донесување на одлуки, покрај тоа што е право, исто така е и обврска, но, којашто за жал, не се

практикува меѓу младите и децата во Штип. Ова е последица и на однесувањата и на практиките и на возрасните (институциите). Затоа, неопходно е да работиме и на застапување и едукација и на децата/младите, но и на возрасните/институциите со цел да се обезбеди остварување на правото на учество на децата и младите.

*Приоритет 2.1.*: Промоција на волонтерството и придобивките за волонтерот и за заедницата од волонтирањето.

*Цел 2.1.1.* Едукација и информирање за придобивките од волонтирањето за сите засегнати страни преку организација на различни настани/активности;

*Цел 2.1.2.* Поддршка на волонтерски акции иницирани и водени од млади;

*Цел 2.1.3.* Поддршка на ученички организации и неформални младински групи.

*Приоритет 2.2.*: Поддршка на учеството на децата и младите во процесите на носење одлуки кои ги засегаат.

*Цел 2.2.1.* Едукација и информирање на возрасните со цел обезбедување на услови и пријателска средина за остварување на правото на децата и младите за учество;

*Цел 2.2.2.* Едукација и информирање на децата и младите со цел јакнење на нивните капацитети за остварување на правото на учество;

*Цел 2.2.3.* Обезбедување на поддршка на Деца Правобранители во училиштата;

*Цел 2.2.4.* Едукација за правата и обврските на децата и младите.

.

***Стратешка област 3***

## ЗДРАВСТВЕНИ И СОЦИЈАЛНИ ПРАШАЊА

Фокусот во оваа стратешка област е на подобрувањето на физичкото и менталното здравје на младите во заедницата и пошироко, преку информирање, едукација и давање на различни сервиси. Во текот на 2023

година ќе се продолжи со работа на тековните програми и активности според следните приоритети:

*Приоритет 3.1.*: Намалување на штетите од употребата на дроги.

*Цел. 3.1.1.* Намалување на штетните последици од употреба на дрога и други психоактивни супстанци преку превентивни дејности кои вклучуваат примарна, секундарна и терцијарна заштита, едукација, рехабилитација и социјална реинтеграција на корисниците на дрога и нивните семејства;

*Цел 3.1.2.* Работа и едукација на корисниците на дроги за превентива на ХИВ/Сида, хепатитис Б и хепатитис Ц, преку спроведување на програмата: „размена на чиста опрема за инјектирање", советување и упатување на корисниците во медицински, социјални и други институции заради остварување на нивните права и потреби;

*Цел 3.1.3.* Организирање на работа со групи за поддршка на корисниците и членовите на нивните семејства, како и разни форми на групна работа.

*Приоритет 3.2.*: Здравствена едукација, информирање и услуги за младите.

*Цел 3.2.1.* Превентивна здравствена едукација /за зависности, безбеден секс, крвно и сексуално преносливи инфекции, најчести болести кај децата и младите, ментално здравје, еколошка култура, итн./;

*Цел 3.2.2.* Доброволно и доверливо советување и тестирање за ХИВ преку теренски акции;

*Цел 3.2.3.* Промовирање и охрабрување на здрави животни стилови меѓу младите.